**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До:** [redacted]

Бр. 03-21

Скопје 28.02.2019 г.

**Предмет: Одговор на претставка**

Почитувана,

Во врска со Вашата претставка (наш арх. бр. 03-21 од 19.02.2019 година), Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги изврши вонреден надзор и утврди дека Трговското радиодифузно друштво 1ТВ ДООЕЛ Скопје – во повеќе периоди во текот на денот емитуваше промотивни најави за играните серијали „Викинзи" и „Падот", но тоа го правеше согласно со одредбите од Правилникот за заштита на малолетниците, бидејќи најавите за серијалите не содржеа експлицитни сцени на насилство или на еротика што можат да им наштетат на малолетниците, а поединечните епизоди на играните програми, пак, беа соодветно класифицирани и емитувани како – програми од четврта категорија. Според членот 22, став 3 од Правилникот - само најавите за програмите класифицирани во петтата категорија (18+) не смеат да се емитуваат пред 22 часот.

Од друга страна, пак, преку контролен мониторинг, Агенцијата веќе утврди дека споменатите промотивни најави за серијалите „Викинзи" и „Падот" – воопшто не беа означени со соодветна предупредувачка сигнализација за категоријата на програмата, и на радиодифузерот му изрече мерка јавна опомена.

Ви благодариме на соработката,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**по овластување од Директорот,**

**Горан РАДУНОВИЌ**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**
**Република Северна Македонија**

**Тел.+ 389 2 3103 400**

**www.avmu.org.mk**
**www.avmu.mk**
**contact@avmu.mk**

INTERCERT ISO 9001:2015 CERTIFIED